Врз основа на член 26 од Статутот на Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите - GS1 Македонија, Управниот одбор на GS1 Македонија, на Четвртата седница одржана на 17.4.2008 година, донесе

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на пристапнината и членарината во **GS1** Македонија во 2008 година

### Член 1

Се усвојува изменувањето и дополнувањето на Одлуката за висината на пристапнината и членарината во GS1 Македонија, при што се зголемува износот на членарината за секој поединечно издаден GS1-8 број од 620 денари на 1,850 денари.

### Член 2

Исклучената членка согласно чл.14 и чл.16 од Статутот на GS1 Македонија, при повторно зачленување плаќа пристапнина во двоен износ, те. 24,000 денари.

### Член 3

Членката која неовластено и без акредитација го користи доделениот Единствениот матичен GS1 број, ќе плати глоба од 600-900 € во денарска противвредност (во зависност од капацитет за баркодирани артикли).

### Член 4

Усвоените измени се прикажани во табелата за висината на пристапнината и членарината во 2008 година и изнесуваат:

/во денари/

| Категорија на членки | Капацитет на баркодирање /Артикли/ | Пристапнина | Членарина | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Членки без GS1 број | - | 12,000 | 3,100 | 15,100 |
| Членки со GS1-13 број | 100 | 12,000 | 6,200 | 18,200 |
| | 1,000 | 12,000 | 10,850 | 22,850 |
| | 10,000 | 12,000 | 17,050 | 29,050 |
| | 100,000 | 12,000 | 23,250 | 35,250 |
| Членки со GS1-8 број | По артикал | - | 1,850 | 1,850 |

Член 3

Пристапнината се уплатува еднократно, при зачленувањето а членарината за секоја година на членување во GS1 Македонија.

Износот на утврдената пристапнина и членарина се уплатува на жиро сметката на Стопанската комора на Македонија 300000000718709 – депонент Комерцијална банка А.Д. – Скопје.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена на web страната на GS1 Македонија.

Член 5

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на пристапнината и членарината за GS1 Македонија за 2006 година, Бр.47-51/1 од 07.3.2006 година.

Бр. 47-18/9
17.4.2008 год.
С к о п ј е

Претседател,

Бранко АЗЕСКИ